# ДЕКЛАРАЦИЈА
# ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

**Јас** (*име и презиме*) ______________________________________________,

**со адреса** ______________________________________________,

**по род** (*по татко*) **сум** ______________________, **по мајка сум** _________________________,

**по државјанство сум** ______________________________________________,

**лично се чувствувам како** ______________________, **по вера сум** _______________________.

**Со чиста совест, искрено и непринудно, под морална и материјална одговорност ја давам следнава изјава во форма на Декларација за Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, дека:**

**1. Како православен христијанин тврдам дека работам и ќе работам до крајот на својот земен живот во интерес на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија.**

**2. Во сето свое живеење, и однесување, како православен ќе ја сведочам Православната Вера, македонската нација, јазик и култура и сѐ друго што ја прави македонската посебност, во вистинска смисла на зборот, што нас нѐ одликува со сите посебности и доблести како народ, Црква и нација, особено денес кога ни е загрозен црковниот и националниот идентитет, од парацрковни и паранационални групи и заедници.**

**3. Безусловно потврдувам дека никогаш нема да отстапам од името на нашата Црква: Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија со додавка Јустинијана Прва, според титулата на нашиот Архиепископ.**

**4. Отфрлам име за внатрешна и надворешна употреба освен нејзиното уставно име Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија.**

**5. Го отфрлам секој обид на било каква промена на титулата на поглаварот на МПЦ-ОА во односите со другите Помесни Цркви и со сите, во татковината и светот, освен: Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима.**

**6. МПЦ-ОА е единствен сопственик на сите цркви и манастири во државата Македонија како и црквите и манастирите во Македонските православни епархии надвор од границите на државата Македонија.**

**7. Епархиите на МПЦ-ОА и оние што поради поуспешна мисија ќе бидат создавани надвор од татковината се и можат да бидат единствено под јурисдикција на МПЦ-ОА.**

**8. Сметам дека Македонското црковно прашање е решено со соборскиот Томос за автокефалност на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија од Српската Православна Црква – Пеќка патријаршија од 5 јуни 2022, како официјален документ со кој се потврдуваат устројството и границите согласно канонскиот поредок на МПЦ-ОА, и кои треба безусловно да ги прифатат сите православни автокефални Помесни Цркви.**

**9. Го повикувам, поддржувам и охрабрувам Светиот архиерејски синод на МПЦ- ОА на единство во одбрана на името и статусот на МПЦ-ОА, согласно Уставот на МПЦ- ОА и сите одлуки на Архиепископско-црковно народните собори од нејзиното возобновување, па до денес.**

**10. Предупредувам дека никој нема право да отстапува и работи против погоре декларираното и изјавувам дека ќе превземам категорична активност против сите оние кои ќе се осмелат да работат противно интересите, достоинството, името, статусот и уставното устројство на МПЦ-ОА.**

**ДЕКЛАРИРАЛ**

**-------------------------------------**

(*име и презиме*)

**На ден**: ______________________

**Во место**: ____________________

Ѓуро Ѓаковиќ 55, 7000 Битола, Република Македонија е-пошта: mitropolija.bitola@gmail.com